WB GOLD – Шпаркасе банка Скопје

Држава: СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Број на проект: 57888
Индустриски сектор: Финансиски институции
Вид на објава: ПРИВАТЕН СЕКТОР
Еколошка категорија: ФИ
Планиран датум на одобрување: 16 декември 2026 година
Статус: се испитува, пред финална ревизија
Објава на резимето на проектот на англиски јазик: /

Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен кредит во износ до 30 милиони евра, од Програмата Western Balkans Green Outcomes-Linked Debt Financing Framework (GOLD или Програмата), на Шпаркасе банка АД Скопје (ШБС).

Цели на проектот

Средствата од инвестицијата на Банката ќе се користат за натамошно кредитирање на подобни мали и средни претпријатија (МСП) и оние со средно голема капитализација на пазарот во Северна Македонија поддржувајќи го проширувањето на нивниот бизнис и подобните инвестиции за транзиција на зелената економија (Green Economy Transition - GET). Најмалку 70% од вкупната инвестиција ќе биде подобна за ТЗЕ.

Влијанието на транзицијата

Проектот придонесува кон целите на Програмата, поддржувајќи ги конкурентните и зелените транзициски квалитети. Програмата има за цел да ја поттикне конкурентноста на МСП преку (i) зголемување на достапноста на финансирање; и (ii) поттикнување иновации во стратегијата, производите и процесите. Проектот ќе го поттикне и Зелениот квалитет преку зголемување на инвестиции на МСП и оние со средно голема капитализација на пазарот во подобни GET технологии со што ќе се придонесе за градење економија со ниски емисии на јаглерод и економија отпорна на климатски промени.

Информација за клиентот

ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ
Шпаркасе банка АД Скопје (ШБС) е универзална комерцијална банка и петта банка по големина во Северна Македонија, со 13,2% пазарен удел по вкупни средства, од крајот на вториот квартал во 2026 година.

Финансиско резиме на ЕБОР
ЕУР 30.000.000,00

Вкупно трошоци на проектот
ЕУР 30.000.000,00

Дополнителна вредност
Дополнителната вредност на проектите произлегува од следново: ЕБРД нуди иновативен инструмент за зелено финансирање кој воведува поддршка базирана на резултати за да се стимулира финансискиот сектор да го зголеми зеленото финансирање на МСП и на оние со средно голема капитализација на пазарот, на институционализиран начин, при тоа поддржувајќи ги и општите потреби за финансирање на МСП, што ќе помогне во поставувањето повисоки стандарди за подобрување на нивната зелена кредитна пракса. Дополнителна вредност се постигнува и со неопходното долгорочно финансирање, кое не е достапно од комерцијални извори.

Еколошко и социјално резиме
Категоризиран финансиски посредник (ЕСП 2024). Шпаркасе банка АД Скопје (ШБС) е постоечки клиент на Банката со задоволителни еколошки и социјални (ЕиС) перформанси според нејзината постоечка изложеност кон ЕБРД.

Длабинската анализа на ЕиС потврди дека ШБС одржува Систем за еколошко и социјално управување (ЕСЕСУ) во согласност со ризичниот профил на ЕиС на своето портфолио, а ЕБОР ги применува ЕиС барањата на своите кредитни активности во согласност со Групната еколошката, социјална и управувачка рамка.

ШБС ќе го одржува и имплементира својот ЕСЕСУ за пристап, управување и мониторинг на ЕиС ризици и влијанијата поврзани со финансирани активности. Клиентот е должен да ги почитува Еколошките и социјалните барања на ЕБОР (ЕСБ) 2, 4 и 9, вклучувајќи ја примената на Листата за еколошки и социјални исклучоци на ЕБОР и релевантните упатства на ЕБОР за финансиските институции. ШБС ќе продолжи да поднесува годишни ЕиС извештаи до Банката кои ги опфаќаат имплементацијата на ЕСЕСУ, усогласеноста со барањата на ЕБОР, резултатите од под-проектниот скрининг и сите значајни ЕиС инциденти. Корисниците финансирани преку овој проект мора да ги усогласат применливите национални еколошки, социјални, здравствени и безбедносни и трудови закони.

ШБС е исто така обврзана јавно да ги објави информациите за својот ЕСЕСУ, во согласност со ЕСП 2024.
Ако средствата од ЕБОР се користат за финансирање на под-проекти за обновлива енергија, овие под-проекти мора да ги исполнат критериумите за еколошка и социјална подобност на ЕБОР, за инвестиции во обновлива енергија и сите други барања наведени во Изјавата за политика.

Зелени проценки

Проектот е утврден како усогласен со Парискиот договор (ПД) врз основа на примената на пристапот на ЕБОР во однос на усогласувањето со одредбите од ПД за индиректно финансирани инвестиции. Одредувањето на усогласувањето се базира на примената на столб 1 (обврска кон спротивните страни кон Парискиот договор) и столб 2 (филтер за под-трансакции). 70% од финансирањето од ЕБОР е класифицирано како зелено финансирање, бидејќи поддржува активности за постигнување на целите за ублажување на климатските промени. Определувањето е направена во согласност со методологијата која се користи за одредување на определувањето на зеленото финансирање на инвестициите во ЕБОР.

Техничка соработка и финансирање преку грантови

Проектот ќе биде поддржан со квази намалување на маргината, финансирано од донатори во форма на компензација базирана на резултати (RBC) до 892.500 евра и пакет за техничка соработка (TC) со клучни цели за поддршка на известувањето и верификацијата на испораката на GET инвестиците, како и да и помогне на ШБС и крајните корисници при проценка на сложени или големи GET подобни проекти, за кои корисниците можеби немаат технички вештини и знаење. RBC и почетната фаза на TC се финансирани од Специјалниот фонд за акционери на ЕБОР (СФА/ EBRD's Shareholder Special Fund).

Контакт информации за компанијата

Милка Ратаикоска - Јолеска
milka.rataikoskajoleska@sparkasse.mk
+389 2 3167 714
www.sparkasse.mk
Васил Иљоски 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

Бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контакт детали:

Телефон: +44 20 7338 7168
Електронска адреса: **projectenquiries@ebrd.com**

За проекти на Банката со државниот сектор, посетете ја веб страната **Набавки на ЕБОР.**

Телефон: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: **procurement@ebrd.com**

Општи прашања

За сите специфични прашања околу проектите, контактирате преку онлајн **Образецот за прашања за ЕБОР.**

Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и нејзините Еколошки и социјални барања (ЕСБ) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и ЕСБ вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да се усогласени со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, и воспоставување на механизми за искажување загриженост и жалби, особено, за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата во проектите, или да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика се наведени во ЕСП.

Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. ЕБОР верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, и помага во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проекти кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмен приговор до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронската адреса **compliance@ebrd.com**. Сите пријавени работи, ќе бидат обработени од страна на КФСУ. Сите пријави, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

Пристап до политиките за информации (ППИ)

Пристапот до политиките за информации, кој стапи на сила на 1 јануари 2025 година, пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, за да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите. Ве молиме проверете на овој линк - **Пристап до политики за информирање**, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации, може да се достават преку **Формуларот за прашања за ЕБОР.**

Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти (НМПП) на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, и специфичните одредби на проектот за **Пристап од политиките за информации**, а онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.
Посетете ја веб страната **Независен механизам за проектната отчетност** (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот, како и да се информирате за **поднесување на барање** за ревизија. Можете и директно да го контактирате НМПО на електронската адреса **ipam@ebrd.com** за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.

Ова е превод на оригиналното Резиме на проектот објавен од Европската банка за реконструкција и развој на англиски јазик, под бројот на идентификување на проектот и на датумот прикажан погоре. Ако некој текст од оригиналната верзија на англиски јазик не е во согласност со текстот на овој превод, оригиналниот документ за Резиме на проектот на англиски јазик ќе биде важечки.